9

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 03.07.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 25 | 66/1 | / | / |

# Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Асоцијација за Демократски Развој на Ромите СОНЦЕ- Тетово**

(Име на здружението/ фондацијата)

## ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Од акција до еднакви права на Ромите

(Име на проектот)

Тетово, 29. 06. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-83/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Асоцијација за Демократски развој на Ромите СОНЦЕ |
| Наслов на проектот | Од акција до еднакви права на Ромите |
| Период на спроведување на проектот | 18. 10.2019 година до 17. 04.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Ферди Исмаили, Извршен Директор |
| Проектен менаџер | Маргита Стојановиќ |
| Телефон и е-пошта за контакт | 044352390 info@sonce.org.mk |
| Цел на проектот | Поттикнување на поголемо и поефективно учество на ромската заедница во РМ во одлуките кои влијаат на нивните животи со цел влијанието врз креирањето на политиките да придонесе кон намалување на дискриминацијата со која се соочуваат. |
| Целна група | Ромска заедница,медијатори, ГО (граѓански организации) кои работат во областа на човековите права, ГО и Ромски граѓански организации за човекови права, правна заедница, националните и локалните власти, националните институции за човекови права, јавноста. Директен корисник на проектот се ромските медијатори, ромската заедница во РСМ и ГО во градовите: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Виница и Берово. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | РСМ, општини: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Виница и Берово. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 599.519 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 599.519 ден. |

**2. Резиме -** Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Главното постигнување што произлегуваат од активностите на проектот е зголемено влијание во застапувањето преку поголема соработка меѓу ромските медијатори, граѓански организации, правни експерти и други значајни актери за човекови права на национално ниво

- Излезни резултати:

- Една антидискриминациска мрежа е воспоставена со широк број на опсег на учесници каде е дел и про-боно групата адвокати, ромските медијатори, ромски и нeромски ГО
- Една стратешка средба за вмрежување е организирана
- Една координативна средба за меѓународно застапување органирана
- Една заедничка кампања за застапување преку широк спектар на активности
- Една тркалезна маса организирана со членовите на мрежата и други национални, меѓународни соработници, медиуми

Сите предвидени активности се реализирани во насока на постигнување на горенаведениот резултат и тоа: Една (1) Стратешка средба за вмрежување со цел учесниците на проектот да се сретнат да разменат

идеи, да ги координират своите активности, да споделат искуства, да идентификуваат полиња на соработка; Една (1) Меѓународна координативна средба за застапување која имаше за цел зголемено застапување на меѓународно ниво, актуелизирани прашања за дискриминација на меѓународно ниво. Овој настан се покажал како многу ефективна алатка за малцинките активисти да ги поставaт/креваат своите проблеми на меѓународно ниво. Меѓународното запстапување додава вредност на националните напори затоа што овозможува меѓународните засегнати странки да вршат притисок на националната власт за да ги изврши своите должности; Подготвителна средба: (1) дводневна средба на Мрежа за застапување на Ромите. Целта на мрежата е преку поголема соработка и здружување на напорите на сите релевантни општествени чинители за човекови права да се зголеми влијанието во спроведување на кампањи и застапувањето како и во адресирањето на дискриминацијата со која се соочува ромската заедница. Во мрежата членуваат граѓански организации кои работат во областа на човековите права, дискриминација, давање на правна помош, застапување, ромски прашања или малцински права, правни експерти, меѓународни организации и институцијата Народен правобранител. Сонце организираше подготвителна средба на Мрежата од која произлезе апдејтиран годишем план за застапување, вклучување на нови ставки во планот за застапување, најнови информации за измени во законската рамка поврзана со шесте области содржани во планот, различни алатки за застапување и фолоу- ап стратегија односно излезна стратегија; Една (1) Национална тркалезна маса за застапување во Скопје.

Сонце организираше една национална тркалезна маса за застапување за да се потенцираат одредени прашања со кои се соочуваат ромските заедници. Тркалезната маса понуди можности за членовите на веќе воспоставената мрежа за антидискриминација да работат заедно на заедничките прашања и да соработуваат на конкретни работи. Со цел на дискусија на дефинираните приоритети на мрежата учествуваа претставници на државни институции (МТСП, МТВ, МЗ, МОН, МЛС и др.), Министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на статусот на Ромите и меѓународни организации (ЕУ и Совет на Европа);Една обука за зајакнување на капацитетите на локалните актери и тоа за членовите на Акциската група на заедницата, Локалната акциска група, претставници на Единицата на Локална Самоуправа, ромски медијатори, претставници на локални јавни или државни институции ги донесе заедно да соберат и да ги применат најдобрите практики во нивната понатамошна работа за приоритетните прашања на Ромите.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| (1) Една дводневна Подготвителна средба на Мрежата за застапување на правата на Ромите | Во мрежата членуваат околу 30 граѓански организации кои работат во областа на човековите права, дискриминација, бесплатна правна помош, застапување, ромски прашања или малцински права, правни експерти, меѓународни организации и институцијата Народен правобранител. Со цел апдејтирање на годишниот план за застапување од 2018 година на Мрежата и дефинирање на излезна стратегија на Мрежата, АДРР Сонце организираше дводневна подготвителна средба на Мрежата на 24 и 25 октомври во Хотел Романтик на Велешко Езеро. Беше објавен повик за експерт за испорака на средбата кој ја | 24-25 октомври 2019 година | • Зголемена соработка и здружување на напорите помеѓу организациите за застапување на приоритетни ромски прашања<br>• Одржана подготвителна средба со 30 претставници на организациите членки на Мрежата<br>• Ажуриран годишен план за застапување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | подготви програмата и содржината за дводневна подготвителна средба на Мрежата за застапување на Ромите во тесна соработка со проектниот тим; Тимот на АДРР Сонце ги покани членките на Мрежата на подготвителната средба, а експертот ја фасилитираше средбата. На средбата присуствуваа вкупно 30 претставници на организациите членки. Од средбата произлезе апдејтиран план за застапување на Мрежата 2019 и излезна стратегија. | | на Мрежата за 2019<br>• Изготвен нацрт излезна стратегија за Мрежата |
| (1) Една Национална тркалезна маса за застапување пред државните институции | Сонце организираше национална тркалезна маса на 03 декември 2019 во хотел Мериот во Скопје. Тркалезната маса понуди можност за членовите на Мрежата во шест области да презентираат проблеми и решенија пред претставници на ресорните министерства и институции. На средбата присуствуваа 56 лица, претставници на организациите членки на Мрежата, правни експерти, претставници на Европската Унија, Советот на Европа, Групата за малцински права- Лондон, Министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за унапредување на статусот на Ромите, медијатори Роми, претставници на следните државни институции: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за образование- Бирото за унапредување на јазиците на заедниците, Кабинетот на Министерот без ресор, Агенција за вработување на РСМ. На тркалезната маса беа дискутирани дефинираните приоритети на Мрежата и неопходните чекори кои треба да ги преземат институциите за да дојде до конкретно подобрување на состојбата на Ромите. | 03 декември 2019 година | • Зголемено влијание во застапувањето пред државните институции преку поголема соработка меѓу ромските медијатори, граѓански организации, правни експерти и меѓународните институции<br>• Една тркалезна маса организирана со 56 лица- членовите на мрежата и други национални, меѓународни соработници, медиуми<br>• Презентиран планот за застапување на Мрежата пред државните институции и дискутирани неопходни чекори |
| (1) Една обука за зајакнување на капацитетите на локалните актери | АДРР СОНЦЕ организираш обука за зајакнување на капацитетите на локалните актери и тоа за членовите на Акциската група на заедницата, Локалната акциска група, претставници на Единицата на Локална Самоуправа, ромски медијатори, претставници на локални јавни или државни институции (Центар за социјална работа, здравствен дом, МВР, Центар за вработување и сл). Обуката ги донесе заедно да ги соберат и да ги применат | 12-14 февруари 2020 | • Размена на најдобри практики на локални актери<br>• Зајакнати капацитети на локални стејкхолдери |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | најдобрите практики во нивната понатамошна работа за приоритетните прашања на Ромите . Темите содржеа анализа на ситуацијата во локалните ромски заедници, ефективни механизми за консултации, локални акциони планови, препораки за политики, годишни работни планови. | | |
| (1) Една средба за вмрежување и стратешко поврзување на Мрежата за застапување на Ромите | АДРР СОНЦЕ организираше средба за вмрежување и стратешко поврзување со цел учесниците да се запознаат со тековните промени во законодавството и политиките поврзани со неколку ново усвоени закони што се важни за ромската заедница во земјата, да се запознаат со наодите на Народниот правобранител за 2018 поврзани со Ромите. Членови на мрежата имаа можност да дискутираат за претходниот план за застапување, што е постигнато и кои ставки треба да се додадат. | 02 март 2020 | • Зголемена соработка и здружување на напорите помеѓу организациите за застапување на приоритетни ромски прашања<br>• Одржана стратешка средба со 40 претставници на организациите членки на Мрежата<br>• Дискутиран план за застапување |
| (1) Една Координативна средба за застапување на меѓународно ниво на Мрежата за застапување на Ромите | АДРР СОНЦЕ организираше координативна средба за застапување на меѓународно ниво на Мрежата за застапување на Ромите со цел да се истражат претстојните можности за застапување на меѓународно ниво, да се споделат искуства на некои од членовите на мрежата во меѓународното застапување, како и да ги идентификуваат главните теми поврзани со Ромите кои би можеле да се застапуваат во иднина | 03 март 2020 | • Зголемена соработка и здружување на напорите помеѓу организациите за застапување на приоритетни ромски прашања<br>• Одржана координативна средба со 40 претставници на организациите членки на Мрежата<br>•Идентификувани можности/ставки за меѓународно застапување |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Нема.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведена (1) една заедничка кампања за застапување на Мрежата за застапување на правата на Ромите со други мрежи, коалиции и платформи Во рамките на кампањата одржана е прес конференција и протест пред Собранието на РСМ на 27 ноември 2019 за избор и именување на членови на Комисијата за заштита од дискриминација и на други институции и тела. Мрежата за застапување на правата на Ромите ја поддржа иницијативата на Мрежата за заштита од дискриминација и присуствуваше на собирот како и на официјалните документи испратени до пратениците на Собранието на РСМ и до медиумите | апроксимативно 100 учесници | / | околу (30) објави на веб портали и национални медиуми |
| Објави во медиуми за одржана Национална тркалезна маса во makpress.mk, a1on.mk, opserver.mk, 24info.mk, civilmedia.mk | / | / | • (5) објави во медиуми a1он.мк- 22 прегледи<br>• цивилмедиа.мк- 4200 прегледи, 84 споделувања<br>• 24инфо.мк- 21 преглед |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Целите предвидени со проектот беа во целост постигнати. Продолжувањето на програмата се смета за важно откако поддршката од Европската унија и Владата на Република Македонија ја завршија. Врз основа на екстерна евалуација, потребно е повеќе обука и ажурирање на знаењето и континуирано учење, со менторство и надзор. Фокусот на програмата може да еволуира еволуирал од идентификација, следење и известување засновано на посети, мониторинг и известување за повреда на човековите права / дискриминација до групен дијалог и други интерактивни методи. Овие може да се користат во центрите кои поддржуваат практични права, како што се грижа за децата, превентивна здравствена заштита, учество на јавноста, образование, вработување и култура. Целта би била капацитет за самозаштита на правата и интеграција во општеството. Во тек се преговори со локалните и државните институции за институционализирање на улогата на параправниците. Од големо значење е да се препознае улогата на медијаторите/ пара-правниците. Фондацијата Отворено општество работи на формирање на Центри за пристап до правда на локално ниво, во кој ќе бидат вклучени постојни медијатори и правници како дел од човечките ресурси на овие центри. АДРР СОНЦЕ ќе продолжи да ја води мрежата и да иницира поднесување извештаи од сенка на меѓународно ниво користејќи ги достапните механизми на ООН во име на мрежата. СОНЦЕ, исто така, ќе продолжи да ги документира сите нарушувања на човековите права и дискриминација пријавени од страна на членовите, бидејќи некои од организациите членки, како што е Хелсиншкиот комитет за човекови права и Здружението на правници Роми, нудат бесплатна правна помош во рамките на нивните постојни програми. СОНЦЕ активно ќе бараат донатор за поддршка на некои од проектните активности, како што е годишни средби на мрежата, со цел да се обезбеди понатамошно постоење на Мрежата за застапување на правата на Ромите.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Изнајмување на опрема за симултан превод и озвучување за 50 луѓе за 3 раб. ден. (Активност 1, Активност 2, Активност 4) | 59.250,00 ден | 59.250,00 ден | Фактура бр. 1<br>- Назив на добавувач: Нанотех ДООЕЛ Тетово<br>- Износ: 59.250 ден<br>- Датум: 05 Март 2020<br>- Фактура бр. 07/20 |
| Изнајмување на 2 (двајца) преведувачи за симултан превод (Активност 1, Активност 2, Активност 4) | 45.900,00 ден | 45.900,00 ден | Фактура бр. 1<br>- Назив на добавувач: Нанотех ДООЕЛ Тетово<br>- Износ: 45.900 ден<br>- Датум: 05 Март 2020<br>- Фактура бр. 07/20 |
| Изнајмување простории за организирање настани во Скопје за до 50 лица за 3 раб ден. (Активност 1, Активност 2, Активност 4) | 16.270,00 ден | 16.270,00 ден | Фактура бр. 1<br>- Назив на добавувач: Дивелоп Груп ДОО Скопје поврзано лице – Хотел Гранд М ДООЕЛ Скопје<br>- Износ: 16.270 ден<br>- Датум: 05 Декември 2019<br>- Фактура бр. 0512191701 74-11255051 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Хотелско сместување храна и освежување за 40 луѓе за дводневна работилница (Активност 1 и Активност 2) | 205.583,00 ден | 205.583,00 ден | Фактура бр. 1<br>- Назив на добавувач: Хотел Скардус ДОО Тетово<br>- Износ: 205.583 ден<br>- Датум: 10 Март 2020<br>- Фактура бр. F-02-2020 |
| Хотелско сместување храна и освежување за организација на дводневна работилница за 35 луѓе во Велес (Активност 3) | 80.748,00 ден | 80.748,00 | **Фактура бр. 1**<br>- Назив на добавувач: Романтик Хотели ДООЕЛ Велес<br>- Износ: 74900 ден<br>- Датум: 04 Ноември 2019<br>- Фактура бр. 0411193701 09-79800411<br><br>**Фактура бр. 2**<br>- Назив на добавувач: Романтик Хотели ДООЕЛ Велес<br>- Износ: 5848 ден<br>- Датум: 05 Ноември 2019<br>- Фактура бр. 0511193701 06-23470511 |
| Храна и освежување за организација на еднодневна работилница за 50 луѓе во Скопје (Активност 4) | 42.883,00 ден | 42.883,00 ден | Фактура бр. 1<br>- Назив на добавувач: Дивелоп Груп ДОО Скопје поврзано лице – Хотел Гранд М ДООЕЛ Скопје<br>- Износ: 42.883 ден<br>- Датум: 05 Декември 2019<br>- Фактура бр. 0512191701 74-11255051 |
| Хотелско сместување, храна и освежување за организација на тродневна работилница за 30 луѓе Во Тетово (Активност 5) | 148.885,00 | 148.885,00 | Фактура бр. 1<br>- Назив на добавувач: Хотел Скардус ДОО Тетово<br>- Износ: 149.949 ден, од проектот покриени се 148.885 ден<br>- Датум: 30 Јуни 2020<br>- Фактура бр. F-03-2020 |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **599.519,00 ден** | **599.519,00 ден** | |

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и

сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

1. Подготвителна средба на Мрежата за застапување на Ромите, извештај, листа и фотографии од настанот
2. Национална Тркалезна маса за застапување , извештај, листа и фотографии од настанот
3. Средба за вмрежување и стратешко поврзување, извештај, листа и фотографии од настанот
4. Координативна средба за застапување на меѓународно ниво, извештај, листа и фотографии од настанот
5. Обука за локални актери, извештај, листа и фотографии од настанот
6. Акциски план за застапување на Мрежата за застапување на Ромите 2019
7. Излезна стратегија на Мрежата за застапување на правата на Ромите
8. Финансиска документација за сите трошоци

Тетово, 29. 06. 2020 год.

(Место) (датум)

Ферди Исмаили, Извршен директор АДРР СОНЦЕ

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)

Асоцијација за демократски права на Ромите „СОНЦЕ" * ТЕТОВО *